ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 09-154/7**

**Дата: 09.06.2010**

ДО

ДРЖАВЕН СТУДЕНТСКИ ДОМ.
„НАРОДЕН ХЕРОЈ ОРДЕ ЧОПЕЛА„ - ПРИЛЕП

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Државниот студентски дом “Народен херој Орде Чопела” - Прилеп - сметка на основен буџет, за 2009 година.

За годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Со ревизијата констатиравме несоодветна примена на сметководственото начело на парично искажување поради што е констатирана неусогласеност на финансиските извештаи, неправилно извршен попис на материјалните средства и залихите на материјали и неточно прикажување на ситниот инвентар на залиха.

Ревизијата не изрази мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи, додека за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива ревизијата изрази негативно мислење.

## Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 9 до 11 заедно со ревизија на усогласеност на Државниот студентски дом "Народен херој Орде Чопела" - Прилеп - сметка на основен буџет, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства за 2009 година, и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 6 и 9 од Законот за државна ревизија.

1.3 Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Државниот студентски дом "Народен херој Орде Чопела" – Прилеп за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, застапувано од:

- Васе Ризоска, директор од 05.05.2008 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и

информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Државниот студентски дом "Народен херој Орде Чопела" - Прилеп се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност. Ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1 е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3 Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските

извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 2.1. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Поради прашањата изнесени погоре, ние не бевме во можност да добиеме достатен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 08.03.2010 до 16.04.2010 кај Државниот студентски дом "Народен херој Орде Чопела" - Прилеп од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 01.04.2010 година. Наодите изнесени од ревизијата беа правилно разбрани и прифатени од страна на субјектот.

Не се примени забелешки по претходниот извештај на овластениот државен ревизор бр. 09-154/5 од 2010 година.

### 3.1 Усогласеност со закони и прописи

3.1.1 Студентскиот дом не ги пријавил неизмирените обврски на крајот од 2009 година во износ од 684 илјади денари, заради нивно евидентирање во единствената база на податоци за преземени обврски во Трезорот. Ваквиот начин на работа не е во согласност со член 38 од Законот за буџети што го доведува во прашање подмирувањето на обврските како и реализацијата на Програмата на Домот за наредната година.

**Препорака**

Одговорното лице на Домот да ја исполни обврската за пријавување на преземените обврски на крајот на годината заради нивно евидентирање во единствената база на податоци во Трезорот.

3.1.2 Домот нема вработено лице – одговорен сметководител согласно член 16 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, иако

според актот за систематизација и организација има предвидено вакво работно место. Сметководството на Домот го води лице ангажирано по договор за дело во период на подготвување на годишната сметка. Постапката за вработување на одговорен сметководител е започната, но поради заведување на судски спор во врска со изборот на ова лице сеуште не е регулирано вработување. Ваквата состојба има за последица необезбедена одговорност за точноста на податоците искажани во финансиските извештаи.

## 3.2 Финансиски извештаи

### Биланс на состојба

3.2.1 Во сметководствената евиденција на Домот ревизијата утврди дека проценувањето на билансните позиции содржани во главната книга не е спроведено според сметководственото начело на парично искажување, согласно член 19 од Законот и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, како резултат на несоодветни книжења пренесени од претходните години. Ваквиот начин на евиденција има за ефект неусогласеност на позицијата - постојани средства со изворите на капитални средства во Билансот на состојба за износ од 228 илјади денари, како и на залихите на материјали и останат капитал за износ од 232 илјади денари.

**Препорака**

Одговорниот сметководител да ги утврди, коригира и спроведе констатираните разлики од претходни години на неусогласеност помеѓу позициите искажани во Билансот на состојбата според сметководственото начело на парично искажување.

3.2.2. Ревизијата утврди евидентирана состојба на залихи на ситен инвентар на ден 31.12.2009 година во износ од 1.664 илјади денари, која потекнува од 2007 година, поради несоодветно евидентирани промени на движењето на залихите, што не е во согласност со одредбите од член 6-15 на Законот и член 3 Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Од 2008 година променета е сметководствената политика на Домот во начинот на евидентирање на ситниот инвентар при што е пристапено кон целосен отпис на истиот во моментот на неговата набавка. Со тоа не е обезбедено финансиско евидентирање на приемот, издавањето и состојбата на залихите во текот на годината. Обезбедено е само материјално задолжување на лицето кое ракува со ситниот инвентар и одговорност за

негово физичко утврдување по попис. Настанатата промена во сметководствената политика која не е усогласена со важечките законски прописи довела до нереално и необјективно прикажување на ситниот инвентар на залиха и во употреба, во главната и помошните книги на субјектот како и во Билансот на состојба на крајот на пресметковниот период.

**Препорака**

Директорот на Домот да организира вонреден попис на ситниот инвентар за утврдување на вистинската – фактичка состојба и истата сметководствено да се евидентира согласно законските прописи.

3.2.3. Пописот на средствата и изворите на средства со состојба на ден 31 декември 2009 година не е извршен на начин предвиден со одредбите наведени во член 21 од Законот и член 29-35 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, од следниве причини:

- материјалните средства не се означени со инвентарни броеви поради што е отежната постапката за нивно квалитетно и правилно попишување;
- не е изготвен извештај од страна на пописната комисија, а следствено на тоа не се донесени одлуки од страна на Управниот одбор за констатираните кусоци и вишоци. Ревизијата утврди дека на крајот од годината се спроведени книжења на кусок на основни средства утврдени од страна на пописната комисија во вкупна вредност од 604 илјади денари за кои не е даден предлог и донесена одлука од органот на управување за начинот на негово евидентирање;
- на крајот од годината по Записник за усогласување на материјалното со финансиското работење подготвен од материјалниот и финансовиот книговодител, а потпишан од директорот на Домот, евидентирано е финансиско намалување на залихите во износ од 229 илјади денари за прехранбени производи и други материјали со состојба на 31.12.2009 година. Со спроведената корекција не е постигнато целосно усогласување помеѓу наведените евиденции на залихите, што укажува на нивно необјективно прикажување во Билансот на состојбата;
- не е извршен физички попис на залихата на нафта, која според сметководствената евиденција изнесува 105 илјади денари, односно 3 тони.
- Не е извршен попис на книгите во библиотеката за период подолг од 5 години.

Нецелосно извршениот попис не дава доволно уверување за реалноста и објективноста на искажаните средства и извори на средства во Билансот на состојба на ден 31.12.2009 година и го доведува во прашање постоењето на средствата.

**Препорака**

Директорот на Домот да ги преземе следниве активности за надминување на слабостите при вршењето попис на средствата и изворите на средствата на следниот начин:

- да се изврши усогласување на фактичката состојба на средствата со сметководствената преку обезбедување инвентарни броеви за сите видови средства со кои располагаат;
- пописната комисија на крај од пописот да изготви извештај, а Управниот одбор да ги усвои предложените кусоци, вишоци корекции и расходување на опрема, да ги утврди причините за нивно настанување, да донесе одлука за начинот на расходување на дел од застарената и неупотреблива опрема предложена од пописната комисија за расход, заради нејзино понатамошно отуѓување, уништување или подарување на други субјекти и соодветно раскнижување од сметководствената евиденција;
- Пописот на нафтата да се врши комисиски со мерење на фактичката состојба на крајот од годината.
- да се направи попис на книжниот фонд со кој располага Домот;

## 4. Ревизорско мислење

### Вкупни ефекти од наодите

Врз основа на изнесените наоди во точките 3.2.2. и 3.2.3. кои се однесуваат на нецелосно извршен попис на средствата и изворите и неправилно сметководствено евидентирање на ситниот инвентар на залиха и во употреба ревизијата не изразува уверување во однос на искажаните билансни позиции во Билансот на состојба на ден 31.12.2009 година.

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 3.2.1, 3.2.2. и 3.2.3. ние не бевме во можност да добиеме достатни, соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно на тоа, ние не изразуваме мислење за финасиските извештаи на

Државниот студентски дом "Народен херој Орде Чопела" - Прилеп - сметка на основен буџет, на ден 31 декември 2009 година.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 3.1. и 3.2, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Државниот студентски дом "Народен херој Орде Чопела" - Прилеп - сметка на основен буџет, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени практики.

**Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет**

Обрнуваме внимание дека ДСД "Народен херој Орде Чопела" – Прилеп, во март 2005 година склучил договор за набавка на екстра лесно гориво - нафта за греење со вкупната вредност од 1.750 илјади денари. Износот од договорот е целосно платен по фактури до месец април 2005 година без претходно да биде доставена нафтата. Во 2007 година поради неисполнување на обврската од договорот Домот поднел тужба против добавувачот до Основниот Суд во Прилеп и во 2008 година, Судот има изречено пресуда врз основа на што истиот се задолжува да го исполни договорот или да го врати износот од 1.750 илјади денари, по што е поднесено барање за извршување на правосилна пресуда, која до завршување на ревизијата не е реализирана.

Скопје, 09.06.2010 година　　　　　　　　Овластен државен ревизор

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година**

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2009** | **2008** |
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 11,201 | 12,157 |
| **Вкупно приходи** | | **11,201** | **12,157** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 7,159 | 7,129 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 0 | 30 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 4,042 | 4,998 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **11,201** | **12,157** |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | **11,201** | **12,157** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **Образло-жение** | **2009** | **2008** |
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 688 | 4 |
| Залихи | 4.1.2. | 3,529 | 4,537 |
| **Вкупно тековни средства** | | **4,217** | **4,541** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 111,560 | 109,732 |
| **Вкупно постојани средства** | | **111,560** | **109,732** |
| **Други средства** | 4.2.2. | 229 | 229 |
| **Вкупна актива** | | **116,006** | **114,502** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 684 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **684** | **0** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 115,093 | 114,273 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **115,093** | **114,273** |
| **Извори на други средства** | *4.4.2.* | **229** | **229** |
| **Вкупна пасива** | | **116,006** | **114,502** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ПРЕГЛЕД | | | |
| НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2009 ГОДИНА | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | во 000 денари |
| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
| | | | |
| **Состојба 01.01.2009 година** | **109,504** | **4,769** | **114,273** |
| | | | |
| **Зголемување по основ на:** | **4,192** | **4,472** | **8,664** |
| Набавки | - | 4,472 | |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | | - |
| Ревалоризација на капитални | 4,192 | | |
| | | | |
| **Намалување по основ на:** | **(2,364)** | **(5,480)** | **(7,844)** |
| Отпис на капитални средства | | | - |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | (730) | | **(730)** |
| Амортизација | (1,513) | | **(1,513)** |
| Издадени материјали | | (5,480) | **(5,480)** |
| Расходување | (121) | | **(121)** |
| **Состојба 31.12.2009 година** | **111,332** | **3,761** | **115,093** |

___________________________